# ИЗВАДОК од ЗАПИСНИКОТ
# од седницата на
# СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

одржана на 21.12.2023 година (10:00 часот)

Седницата на Совет за безбедност и здравје при работа, ја отвори претседателката на Советот, Проф. д-р Јасмина Чалоска, утврдувајќи дека се присутни 9 (девет) членови,.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот:

- Јасмина Чалоска,
- Даниела Китанова,
- Јордан Минов,
- Ленче Коцевска,
- Тони Војнески,
- Дарко Дочински,
- Сашо Столевски,
- Миќо Стојановски и
- Иван Пешевски.

На почетокот Претседателката Чалоска констатираше дека се исполнети условите за одржување на Седницата, согласно Деловникот за работа на Советот, по што го стави на гласање **Дневниот ред**, кој едногласно, без забелешки, беше усвоен од страна на членовите:

1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 12.04.2022 година;
2. Информирање за реализирани активности од Акцискиот план за БЗР 2021-2023 година;
3. Тековни информации;
4. Разно.

## 1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 12 април 2023 година

## 2. Информирање за реализирани активности од Акцискиот план за БЗР 2021-2023 година

Во рамките на оваа точка, членовите на Советот беа информирани и дискутираа најпрвин за активности кои беа реализирани во периодот помеѓу двете седници на Советот, вклучувајќи ги тука:

- одбележувањето на Светскиот ден за БЗР, кое оваа година беше специфично и се одржа во просториите на Машинскиот факултет во Скопје. Настанот беше посветен на младите истражувачи во областа на БЗР, при што млади магистранти и докторанти од повеќе универзитети ги презентираа своите трудови, истражувања и анализи од областа на БЗР;
- се дискутираше за целокупната постапка и реализацијата на доделувањето на овогодинешните национални награди за компании со најдобро имплементирани системи за БЗР, при што се разви и дискусија дека е потребно да се изнајдат начини и предлози за подобрување на самата постапка, за можностите за обезбедување логистичка поддршка за членовите на комисиите кои ја вршат оценката и бодувањето на пријавените компании, за промени во прашалниците и бодувањето поврзано со резултатите на компаниите во делот на медицина на трудот, за начинот на номинирањето на стручните лица во комисиите. Во овој дел се заклучи членовите на Советот да размислат и за следната Седница, да дадат конкретни предлози за тоа како и на кој начин би можело дополнително да се подобри и унапреди постапката на оценување на компаниите и доделувањето на наградите за БЗР;
- одбележувањето на Европската недела за БЗР во октомври;

- ратификацијата на Конвенцијата на МОТ бр. 190 против насилството и вознемирувањето на работното место, како и за отпочнатата постапка за ратификација на МОТ конвенциите за БЗР во градежништвото и во рударството.
- информација за активностите кои се одвиваат во делот на ревидирањето на листата на професии (работни места) со бенефициран стаж на осигурување (поддржани од проект на Светска банка);
- анализата која е направена за состојбите во делот на безбедноста и здравјето при работа во секторот-земјоделие;
- за активностите кои се спроведени во изминатиот период за понатамошно јакнење на капацитетите на Инспекторатот, преку нови вработувања на инспектори, набавки на опрема и мерни уреди, изработка на нова web-страна, платформа е-инспектор која се користи при инспекциските надзори, обуки на инспекторите итн.
- информација за меморандумот кој ССМ го потпиша со ДИТ и за резултатите од подобрената меѓусебна соработка и комуникација, благодарение на тој меморандум

Во рамките на оваа точка од Дневниот ред, беше информирано и дека со завршувањето на оваа (2023) година истекува и периодот на важност на актуелниот Акциски план за безбедност и здравје при работа, кој го опфаќаше периодот 2021-2023 година. Оттаму она што претстои како задача на почетокот на следната 2024 година, е најпрвин да се обезбедат потребните информации и податоци за реализираните активности и постигнати резултати согласно тековниот Акциски план, потоа да се подготви Извештај за реализацијата за периодот 2021-2023 година, по што ќе треба да се подготви и следниот Акциски план за БЗР кој ќе ги опфати наредните две години, т.е. приодот 2024-2025 година (во согласност со тековната стратегија за БЗР 2021-2025.

## 3. Тековни информации

Во овој дел членовите беа информирани за моменталната состојба во однос на активностите поврзани со подготовката на новиот Закон за безбедност и здравје при работа, како и за деталите околу новата кампања на Европската агенција за БЗР (EU-OSHA) која ќе се спроведува во наредните две години (2023-2025) и кај која во фокусот ќе биде дигитализацијата во светот на работата и нејзиното влијание врз безбедноста и здравјето на вработените. Оваа кампања, официјално е отпочната и промовирана во октомври оваа година, за време на одбележувањето на Европската недела за БЗР, и е со наслов „Безбедна и здрава работа во дигиталната ера“. Република Северна Македонија, како една од државите кои активно учествуваат во активностите на EU-OSHA, е вклучена, како и досега, во имплементацијата и на оваа кампања, преку спроведување и организирање на различни промотивни активности, настани, активности за подигнување на свеста за овие прашања итн.

Како и за минатата кампања, Министерството за труд и социјална политика ќе постави посебен дел на својата web-страница посветен и на оваа кампања, каде ќе може да се најдат различни материјали, информации и сл. поврзани со темата. ( https://bit.ly/3RESFWF )

Подготвил:

| | |
|---|---|
| Секретар на Советот за БЗР | Претседател на Советот за БЗР |
| *Дарко Дочински* | *Проф. Д-р Јасмина Чалоска* |